# BILD UND FILM FESTIVAL FÜR KINDER

Детски фестивал за слика и филм

## 23.-28.04.2018



GOETHE INSTITUT

Sprache. Kultur. Deutschland.

# VORWORT

Liebe Freunde des BUF-Festivals,

die 7 begegnet uns ziemlich oft: eine Woche hat sieben Tage, Verliebte schweben im siebten Himmel und eine Katze hat sieben Leben. Man kennt die sieben Weltwunder der Antike und die sieben Farben des Regenbogens. In den Grimm'schen Märchen taucht auch oft die Zahl 7 begegnet auf und das ist kein Zufall: Schneewittchen und die sieben Zwerge, Der Wolf und die sieben Geißlein, Die sieben Raben und viele andere.

Die 7 ist bis heute in fast allen Kulturkreisen eine Zahl von besonderer Bedeutung, und zwar eine Glückszahl. Für uns hat die 7 dieses Jahr auch eine große Bedeutung, denn im April öffnen sich in der mazedonischen Kinothek zum siebten Mal die Türen für das Bild- und Filmfestival für Kinder und Jugendliche (BUFF).

Auch dieses Jahr haben wir mit großer Sorgfalt die Filmauswahl getroffen. Auf dem Programm stehen fünf aktuelle und spannende Spielfilme, die durch die Deutsche Film- und Medienbewertung (FBW) begutachtet und als herausragende Werke mit den Prädikaten „wertvoll" und „besonders wertvoll" ausgezeichnet wurden. Wir versichern alle Filmfreunden, dass es für jeden etwas Spannendes, Bewegendes, Unterhaltsames oder Lehrreiches gibt und natürlich, dass für jeden Filmgeschmack etwas dabei ist.

Krimis schauen viele Erwachsene gern im Fernsehen, aber auch Kinder lieben spannende Geschichten. Pfefferkörner sind Mädchen und Jungen, die in Hamburg mit detektivischem Spürsinn Kriminalfälle lösen. Im Film Pfefferkörner und der Fluch des Schwarzen Königs lösen die Kinder-Detektive einen neuen Kriminalfall.

Pferdefilme sind spannend, unterhaltsam und schon lange nicht mehr nur Mädchenfilme. Wendy ist der richtige Film für die Pferdeliebhaber. Eine tolle Geschichte mit wunderbaren Aufnahmen von den Bergen aus der Vogelperspektive.

Amelie ist hingegen eine von den weltweit rund 300 Millionen Menschen, die von Asthma betroffen sind. Der berührende Film Amelie rennt ist definitiv einen Kinobesuch wert.

Der Roman Es war einmal Indianerland ist seit 2011 ein Bestseller unter den Jugendbüchern und der Schriftsteller Nils Mohl hat für seinen Roman den Deutschen Jugendliteraturpreis erhalten. BUFF zeigt die Roman-Verfilmung, die mit dem Prädikat „besonders wertvoll“ ausgezeichnet wurde.

Smaragdgrün ist eine Liebesgeschichte und ein Weltenrettungs-Abenteuer zugleich. Dieser Film bietet eine Achterbahnfahrt durch die Jahrhunderte und versetzt die Zuschauenden 100 oder auch mal 200 Jahre zurück in die Vergangenheit oder auch voran in die Zukunft.

Nicht nur Filme, sondern auch Musik spielt eine große Bedeutung im Leben der Jugendlichen. Beim diesjährigen Schülerwettbewerb geht es um die aktuelle Musik aus Deutschland. Über den Weg der aktuellen deutschen Musik wollen wir das Interesse an Deutschland, an der deutschen Sprache und Kultur wecken. Die Deutschlernenden sollen im Internet Informationen zu einer aktuellen deutschen Musikgruppe suchen und die Ergebnisse in einem Video präsentieren. Es gibt tolle Preise zu gewinnen!

Für die Lehrenden findet eine Fortbildung zum Thema Sprechen statt. Die Fortbildnerin beschreibt die Fertigkeit Sprechen im Fremdsprachenunterricht, bietet eine Übungstypologie zur Ausbildung dieser Fertigkeit und beschreibt die Möglichkeiten für echte Kommunikation im Unterricht.

Wir bedanken uns herzlich bei allen, die BUFF unterstützen, und wünschen allen Besuchern ganz viel Spaß.

Institutsleiterin
Tanja Krüger



# ПРЕДГОВОР

Драги пријатели на фестивалот БУФ,

Често го сретнуваме бројот 7: една седмица има седум дена, вљубените лебдат на седмо небо, а мачката има седум животи. Постојат седум светски чуда на античкиот свет, а виножитото има седум бои. Во бајките на Браќата Грим, исто така, често се појавува бројот седум, а тоа не е случајност: Снежана и седумте џуџиња, Волкот и седумте јариња, Седумте гаврани и многу други.

Седумката е број со посебно значење скоро во сите култури. Имено, тој е среќен број. За нас, бројот седум оваа година, исто така, има посебно значење зашто во април, во Кинотека на Македонија, по седми пат ќе се отворат вратите за Детскиот фестивал за слика и филм (БУФ).

И оваа година со особено внимание го направивме изборот на филмови. На програмата се наоѓаат пет актуелни и возбудливи играни филмови, кои се оценети од страна на Сојузната комисија за вреднување на филмови и медиуми на Германија и кои како исклучително вредни дела се одликувани со оценката „вредни“ или „посебно вредни“. Ги уверуваме сите љубители на филмот дека за секого ќе има нешто возбудливо, поттикнувачко, забавно или поучно и, секако, дека ќе има нешто за сечиј вкус.

Криминалистички филмови со задоволство гледаат возрасните, но и децата сакаат возбудливи приказни. Биберковци се група девојчиња и момчиња, кои во Хамбург решаваат криминални случаи. Во филмот Биберковци и клетвата на Црниот крал, детските детективи решаваат уште еден нов случај.

Филмовите со коњи се возбудливи, забавни и одамна не се филмови што ги гледаат само девојчиња. За љубителите на коњи, Венди е вистинскиот филм. Одлична приказна со прекрасни слики од планините, од птичја перспектива.

Амели е едно од скоро 300 милиони лица ширум светот кои се заболени од астма. За трогателниот филм Амели трча дефинитивно вреди да се оди в кино.





Од 2011 г. романот Беше еднаш во земјата на Индијанците е бестселер од романите за млади, а писателот Нилс Мол за овој роман ја добил Германската награда за литература за млади. БУФ ја прикажува филмската адаптација на романот, која е одликувана со оценката „посебно вредна“.

Тајната на смарагдот е истовремено и љубовна и авантуристичка приказна во која се спасува светот. Овој филм нуди лудо и незаборавно патување низ вековите и ги носи гледачите 100, па дури и 200 години наназад, во минатото, или, пак, напред – во иднината.

Не само филмовите, туку и музиката игра значајна улога во животот на младите. На овогодишниот натпревар за ученици се работи за актуелна музика од Германија. Преку популарна германска музика сакаме да го побудиме интересот за Германија, германскиот јазик и култура. Учениците што учат германски јазик треба на интернет да побараат информации за една актуелна музичка група, а резултатите да ги прикажат во видео-презентација. Победниците ги очекуваат вредни награди!

За наставниците ќе се одржи обука на тема „говорење“. Референтката ќе ја опише вештината „говорење“ во наставата по странски јазик, ќе понуди типологија од вежби за надградба на оваа вештина и ќе ги опише можностите за вистинска комуникација во наставата.

Им се заблагодаруваме на сите што го поддржуваат фестивалот БУФ, а на сите посетители им посакуваме многу забава.

Директор,
Тања Кригер



# ФИЛМСКА ПРОГРАМА

# FILM PROGRAMM

Сите филмови од филмската програма ќе бидат прикажани во оригинал со превод на македонски и албански јазик. Тие се наменети за сите деца кои можат да го читаат преводот или разбираат германски.

BUFF zeigt im Filmprogramm alle Filme im Original mit mazedonischen und albanischen Untertiteln. Die Filme sind daher für alle Schulkinder geeignet, die die Untertitel lesen können oder Deutsch verstehen.

**23.04.2018, Montag, 12:00 Uhr**
**25.04.2018, Mittwoch, 18:00 Uhr**
Mazedonische Kinothek

# WENDY

Regie: Dagmar Seume
Deutschland 2017, 91 Minuten
Altersempfehlung: ab 7 Jahren

Die 12-jährige Wendy kann sich sicher Besseres vorstellen, als mit ihren Eltern die kompletten Sommerferien auf „Rosenborg“ zu verbringen. Der heruntergekommene Reiterhof gehört ihrer Oma, den sie seit dem Tod des Opas alleine führt. Aber wer weiß, für wie lange noch, denn die Konkurrenz „St. Georg“, der große, moderne Reitstall von Ulrike, scharrt quasi schon mit den Hufen. Für Wendy selbst schien das Thema Reiten nach einem schweren Unfall vorbei gewesen zu sein. Doch kurz nach ihrem Eintreffen trifft sie auf das verletzte Pferd Dixie. Es folgt Wendy, wohin sie nur geht und so entwickelt sich schon bald eine enge Freundschaft, die Wendys Leben verändern wird und „Rosenborg“ retten könnte.



**23.04.2018, понеделник, 12:00 ч.**
**25.04.2018, среда, 18:00 ч.**
Кинотека на Македонија



# ВЕНДИ

Режија: Дагмар Зојме
Германија 2017, 91 минути
Препорачано за возраст над 7 години

12-годишната Венди може сигурно да си замисли нешто подобро, отколку целиот свој летен распуст да го помине со своите родители на поседот за јавање „Розенборг“. Поседот ѝ припаѓа на баба ѝ, која самата се грижи за него по смртта на дедото. Но, којзнае уште колку долго, бидејќи конкуренцијата „Св. Ѓорѓи“, големата модерна штала за јавање на Улрике, веќе тропа на голема врата. По сè изгледа дека по тешката незгода Венди му има ставено крај на јавањето. Но, набрзо по нејзиното доаѓање, таа наидува на повредениот коњ Дикси. Тој ја следи Венди каде и да оди, па така се развива едно блиско пријателство што на Венди би можело да ѝ го смени животот и да го спаси „Розенборг“.

**24.04.2018, Dienstag, 12:00 Uhr**
**26.04.2018, Donnerstag, 12:00 Uhr**
**28.04.2018, Samstag, 12:00 Uhr**
Mazedonische Kinothek

# DIE PFEFFERKÖRNER UND DER FLUCH DES SCHWARZEN KÖNIGS

Regie: Christian Theede
Deutschland 2017, 99 Minuten.
Altersempfehlung: ab 8 Jahren

Die Pfefferkörner, das sind Mia, ihr bester Freund Benny und Mias Schwester Alice. Gemeinsam lösen sie rund um Hamburg jede Menge rätselhafte Fälle. Ein neues Abenteuer erwartet sie, als sie mit Lehrer Martin Schulze auf Klassenfahrt gehen sollen. Mia freut sich besonders auf ihren guten Freund Luca, der am Zielort in Südtirol lebt. Doch Luca scheint etwas zu belasten, denn es geschehen seltsame Dinge auf dem Berghof und schon bald stoßen Freunde auf unheimliche Geister und mysteriöse Zeichen. Zum Glück ist da noch der neue Schüler Johannes, der ihnen unter die Arme greift, und gemeinsam kommen sie so langsam dem Rätsel auf die Spur...



**24.04.2018, вторник, 12:00 ч.**
**26.04.2018, четврток, 12:00 ч.**
**28.04.2018, сабота, 12:00 ч.**
Кинотека на Македонија



# БИБЕРКОВЦИ И КЛЕТВАТА НА ЦРНИОТ КРАЛ

Режија: Христијан Теде,
Германија 2017, 99 минути
Препорачано за возраст над 8 години

Биберковци, тоа се Миа, нејзиниот најдобар другар, Бени, и нејзината сестра, Алиса. Тие заедно решаваат многу загадочни случаи во околината на Хамбург. Нив ги очекува нова авантура кога треба да одат на екскурзија со својот наставник Мартин Шулце. Миа многу се радува за средбата со својот добар пријател, кој живее на местото каде што треба да стигнат, во Јужен Тирол. Лука изгледа малку оптоварен зашто на фармата се случуваат чудни работи и веднаш потоа пријателите наидуваат на страшни духови и мистериозни знаци. За среќа, таму е и новиот ученик, Јоханес, кој им помага, па така сите заедно ѝ влегуваат во трагата на загатката...

* „Биберковци" се група деца кои решаваат криминални случаи.

**25.04.2018, Mittwoch, 12:00 Uhr**
**27.04.2018, Freitag, 18:00 Uhr**
Mazedonische Kinothek

# AMELIE RENNT

Regie: Tobias Wiemann
Deutschland 2017, 97 Minuten.
Altersempfehlung ab 12 Jahren

Amelie ist 13, eine waschechte Großstadtgöre und womöglich das sturste Mädchen in ganz Berlin. Amelie lässt sich von niemanden etwas sagen, schon gar nicht von ihren Eltern, die sie nach einem lebensbedrohlichen Asthmaanfall in eine Spezialklinik nach Südtirol verfrachten. Genau das, was Amelie nicht will. Anstatt sich helfen zu lassen, reißt sie aus. Sie flüchtet dorthin, wo sie garantiert niemand vermutet: Bergauf. Mitten in den Alpen trifft sie auf einen geheimnisvollen 15-Jährigen mit dem sonderbaren Namen Bart. Als der ungebetene Begleiter ihr das Leben rettet, stellt Amelie fest, dass Bart viel interessanter ist, als anfangs gedacht. Gemeinsam begeben sich die beiden auf eine abenteuerliche Reise, bei der es um hoffnungsvolle Wunder und echte Freundschaft geht.





**25.04.2018, среда, 12:00 ч.**
**27.04.2018, петок, 18:00 ч.**
Кинотека на Македонија



# АМЕЛИ ТРЧА

Режија: Тобиас Виман
Германија 2017, 97 минути.
Препорачано за возраст над 12 години

Амели има 13 години. Таа е типична шмизла и веројатно најтврдоглавото девојче во целиот Берлин. На Амели никој не смее да ѝ каже што да прави, па дури ни нејзините родители, кои, по еден напад на астма што можел да ѝ го загрози животот, ја носат на лекување во специјална клиника во Јужен Тирол. Токму тоа што Амели не го сака. Наместо да дозволи да ѝ се помогне, таа бега. Бега онаму каде што со сигурност никој не би претпоставил дека ќе биде: нагоре, по планината. Сред Алпите таа наидува на едно мистериозно 15-годишно момче со чудно име – Барт (брада). Кога непоканетиот придружник ќе ѝ го спаси животот, Амели заклучува дека Барт е многу поинтересен отколку што таа мислела на почетокот. Двајцата се впуштаат во авантуристичка тура, во која се надеваат на чуда и вистински се спријателуваат.

**26.04.2018, Donnerstag, 18:00 Uhr**
**27.04.2018, Freitag, 12:00 Uhr**
Mazedonische Kinothek

# SMARAGDGRÜN

Regie:Felix Fuchssteiner, Katharina Schöde
Deutschland 2016, 113 Minuten
Altersempfehlung ab 12 Jahren

Mithilfe ihrer Freunde und Familie hat Gwendolyn es geschafft, den gestohlenen Chronographen ausfindig zu machen. Doch zurück in der Gegenwart kann sie diesen Erfolg nicht lange genießen. Zu tief ist der Kummer, von Gideon verraten worden zu sein. Zudem ist der Graf von Saint Germain darauf aus, den Chronographen und den geschlossenen Blutkreis der Zeitreisenden für sich zu nutzen. Und wer die Macht über den Chronographen besitzt, der wird unsterblich sein. Gwendolyn ist entschlossen, dies zu verhindern. Auch wenn das bedeutet, wieder mit dem Menschen zusammen durch die Zeit zu reisen, der ihr das Herz gebrochen hat. Und in den sie unsterblicher denn je verliebt ist.



**26.04.2018, четврток, 18:00 ч.**
**27.04.2018, петок, 12:00 ч.**
Кинотека на Македонија



# ТАЈНАТА НА СМАРАГДОТ

Режија: Феликс Фуксштајнер, Катарина Шеде
Германија 2016, 113 минути
Препорачано за возраст над 12 години

Со помош на своите пријатели и семејството Гвендолин успева да го најде украдениот хронограф. Но, назад, во сегашноста, таа не може долго да се радува на овој успех. Премногу е голема загриженоста да бидеш предаден од Гидеон. Покрај тоа, грофот од Сен-Жермаин настојува хронографот и тајниот круг на патниците низ времето да ги искористи за сопствени цели. А оној кој ја има моќта над хронографот, тој ќе стане бесмртен. Гвендолин е решена да го спречи тоа. Иако тоа значи дека повторно ќе патува низ времето заедно со оној што ѝ го скрши срцето. И во кого таа е бесмртно вљубена повеќе од кога било досега.

**23.04.2018, Montag, 18:00 Uhr**
**28.04.2018, Samstag, 12:00 Uhr**
Mazedonische Kinothek

# ES WAR EINMAL INDIANERLAND

Regie: Ilker Çatak
Deutschland 2017, 96 Minuten
Altersemfehlung ab 12 Jahren

Der 17-jährige Mauser verliebt sich in Jackie aus dem Reichenviertel, die eigenem Bekunden nach „eitel, zickig und unkeusch“ ist. Kompliziert wird die Sache auch deswegen, weil die 21-jährige Edda aus der Videothek wiederum großes Interesse an Mauser hegt. Aber in dessen Leben geht es um mehr, als darum, wer wen liebt: Mausers Vater Zöllner erwürgt im Streit seine Frau Laura und der Junge muss sich im Boxring mit seinem Kumpel Kondor messen, was die Freundschaft auf eine sehr harte Probe stellt. Außerdem hat Mauser ständig das Gefühl, von einem Indianer verfolgt zu werden. Als Krönung zieht noch ein Unwetter biblischen Ausmaßes auf. Wie bitte soll Mauser mit alldem fertig werden?



**23.04.2018, понеделник, 18:00 ч.**
**28.04.2018, сабота, 12:00 ч.**
Кинотека на Македонија



# БЕШЕ ЕДНАШ ВО ЗЕМЈАТА НА ИНДИЈАНЦИТЕ

Режија: Илкер Чатак
Германија 2017, 96 минути
Препорачано за возраст над 12 години

17-годишниот Маузер се вљубува во Џеки, која е од богато семејство и која, според сопствените искази, е „суетна, зајадлива и бесрамна“. Работата е уште покомплицирана, бидејќи 21-годишната Еда од видеотеката повторно покажува голем интерес за Маузер. Но, во животот има поважни нешта од тоа кој кого го сака: Целнер, таткото на Маузер, во една кавга ја задавува својата жена, а момчето мора да си ги мери силите со својот другар Кондор во боксерски ринг, што го става другарството на голема проба. Освен тоа, Маузер постојано има чувство дека некој Индијанец го следи. Како круна на сѐ, надоаѓа невреме од библиски размери. И како ли Маузер да се справи со сето тоа?

# – MUSIKWETTBEWERB

## AKTUELLE MUSIK AUS DEUTSCHLAND

Liebe Schülerinnen und –Schüler der Grundschulen in Mazedonien, auch dieses Jahr findet im Rahmen des Bild- und Filmfestivals (BUFF) ein Wettbewerb für euch statt. Diesmal geht es um die deutsche Popmusik.

Deutschland ist nach den USA, Japan und Großbritannien der viertgrößte Musikmarkt der Welt. Deutsche Popmusik ist so beliebt und erfolgreich wie noch nie. In den Charts stehen deutsche Produktionen regelmäßig ganz oben. Es ist normal geworden, auf Deutsch zu singen. Die Bands versuchen nicht mehr, den angloamerikanischen Pop zu imitieren. Sie musizieren ganz selbstverständlich in ihrer eigenen Sprache.

Kennt ihr Bands aus Deutschland? Habt ihr Lieblingssongs? Habt ihr Lust, deutsche Gruppen und Lieder kennenzulernen? Dann seid ihr eingeladen, eine Reise durch die deutsche Popmusik zu machen.

# – МУЗИЧКИ НАТПРЕВАР

## АКТУЕЛНА МУЗИКА ОД ГЕРМАНИЈА

Драги ученички и ученици од основните училишта во Македонија, и оваа година, во рамките на детскиот фестивалот за слика и филм (БУФ), ќе се одржи натпревар за вас. Овој пат станува збор за германската поп-музика.

После САД, Јапонија и Велика Британија, Германија е четвртитот најголем музички пазар во светот. Германската поп-музика е толку омилена и успешна како никогаш до сега. Германските продукции редовно се наоѓаат многу високо на топ- листите. Постана нормално да се пее на германски јазик. Бендовите повеќе не се обидуваат да го имитираат англо-американскиот поп. Тие, сосема природно, си музицираат на својот сопствен јазик.

Познавате ли бендови од Германија? Имате ли омилени песни? Дали би сакале да запознаете германски групи и песни? Тогаш, поканети сте да одите на патување низ германската поп-музика.

## AUFGABE:

1. **Suche im Internet Informationen zu einer aktuellen deutschen Musikgruppe und antworte auf folgende Fragen:**

- Was weißt du über diese Band?
- Wie viele Mitglieder gehören zur Band und wer sind sie?
- Über welche Themen singt die Band?
- Welche sind ihre größten Erfolge?
- Welches Lied gefällt dir am besten und warum?
- Gibt es weitere interessante Fakten über die Band? Wenn ja, welche?

2. **Erstelle auf Deutsch eine PowerPoint-Präsentation (max. 15 Folien) über deine Band. Zeichne dann von dir gesprochene Kommentare und Folienanzeigedauern auf. Konvertiere am Ende deine Präsentation in ein Video (max. 3 Minuten).**

3. **Lade dein Video auf Vimeo oder YouTube hoch und sende uns den Link und die Angaben zu deiner Person (Familienname, Vorname, Geburtsdatum, Schule) bis spätestens 30.04.2018 an: bkd@skopje.goethe.org**

## ЗАДАЧА:

1. **На интернет побарај информации за некоја актуелна германска музичка група и одговори ги следниве прашања:**

- Што знаеш за овој бенд?
- Колку членови има бендот и кои се тие?
- За какви теми пее бендот?
- Кои се неговите најголеми успеси?
- Која песна ти се допаѓа најмногу и зошто?
- Има ли и други интересни факти за бендот? Доколку има, кои?

2. **Направи PowerPoint презентација за твојот бенд на германски јазик (макс. 15 фолии). Потоа сними ја твојата усна нарација како и времетраењето на фолиите. На крај, конвертирај ја твојата презентација во видео (макс. 3 мин.)**

3. **Прикачи го твоето видео на Vimeo или YouTube и испрати ни го линкот и твоите лични податоци (презиме, име, датум на раѓање, училиште) најдоцна до 30.04.2018 на: bkd@skopje.goethe.org**

## PREISE

**Wie immer gibt es auch in diesem Jahr wieder tolle Sachpreise zu gewinnen: 3 Bluetooth Lautsprecher; 3 Kopfhörer mit Mikro und 3 MP3 Payer.**

**Für die PASCH-Grundschulen stehen 7 Stipendien pro Schule für das PASCH-Sommercamp 2018 zur Verfügung. Das Camp findet vom 17.-23.06.2018 in Ohrid statt.**

**Eine unabhängige Jury von 3 Personen entscheidet über die Gewinner. Die Entscheidung der Jury ist endgültig.**

**Die Präsentationen werden nach den folgenden Bewertungskriterien evaluiert: Inhalt, mündlicher Ausdruck und visuelle Gestaltung.**

## TIPP:

Gemeinsam mit Zündfunk, dem Szenemagazin des Bayerischen Rundfunks, präsentiert das Goethe-Institut im Popcast neue Musik abseits der Charts: Qualitätspop made in Germany. In einem monatlichen „Popcast“ werden Neuerscheinungen, Tourpläne und Einzelkonzerte von Bands, Musikern und DJs aus Deutschland vorgestellt Besucht www.goethe.de/de/kul/mus/gen/pop/cas.html und abonniert den monatlichen Popcast!

Das Team des Goethe-Instituts Skopje wünscht euch eine angenehme Reise in die Welt der deutschen Popmusik und freuen uns auf eure Bewerbungen!

## НАГРАДИ

**Како секогаш, и оваа година се доделуваат вредни награди: 3 Bluetooth -звучници, 3 слушалки и 3 MP3 плеери.**

**За учениците од партнерските основни училишта стојат на располагање 7 стипендии по училиште за PASCH- летниот камп 2018. Кампот ќе се одржи од 17.-23.06.2018 во Охрид.**

**За победниците одлучува независно жири од тројца членови. Одлуката на жирито е конечна.**

**Презентациите ќе се оценуваат според следниве критериуми: содржина, усно изразување и визуелен дизајн.**

## СОВЕТ:

Заедно со Циндфунк , сценскиот мнагазин на Баварското радио, Гете-институт во Попкаст (Popcast) презентира нова музика настрана од топ листите: квалитетен поп направен во Германија. Во секој „Popcast“ месечно се претставуваат нови изданија, планови за турнеи и поедини концерти на бендови, музичари и ди-џеи од Германија. Посетете ја страната www.goethe.de/de/kul/mus/gen/pop/cas.html и абонирајте го месечниот Popcast!

Тимот на Гете-институт ви посакува пријатно патување во светот на германската поп музика и се радуваме за вашите пријави!

# WORKSHOP FÜR DEUTSCHLEHRENDE

Thema: Die Fertigkeit Sprechen im DaF-Unterricht
Termin: 30.-31.05.2018
Umfang: 12 Unterrichtseinheiten
Referentin: Evangelia Karagiannakis,

Ein wesentliches Ziel des Fremdsprachenunterrichts besteht darin, dass die Schülerinnen und Schüler ihre kommunikative Kompetenz weiter entwickeln und lernen, mit den anderen in der Fremdsprache authentisch zu kommunizieren und sich mit Muttersprachlern in alltäglichen Lebenssituationen zu verständigen.

Der kommunikative Fremdsprachenunterricht fordert viel mehr als das Auswendiglernen von Dialogen. In diesem Workshop zeigt die Referentin, wie man die Fertigkeit Sprechen im Deutschunterricht ausbilden und gezielt fördern kann. Die Deutschlehrenden erlernen kreative Methoden und Unterrichtsrezepte zur Förderung der mündlichen Kommunikation, mit denen sie ihren eigenen Unterricht abwechslungsreich und motivierend gestalten können.

# РАБОТИЛНИЦА ЗА НАСТАВНИЦИ ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

Тема: Вештината зборување во наставата по германски јазик
Термин: 30.-31.05.2018
Семинарот опфаќа 12 наставни часа
Референт: Евангелија Карагианакис

Една важна цел во наставата по странски јазик се состои во тоа, учениците да ја развиваат својата комуникативна компетенција и да научат како да комуницираат автентично на странски јазик со другите и како во секојдневни ситуации да се разберат со лицата чиј мајчин јазик го изучуваат.

Комуникативната настава по странски јазик бара многу повеќе од едноставно учење дијалози напамет. На работилницата, референтката ќе покаже, како може да се изгради и целно да се унапредува вештината зборување во наставата по германски јазик. Наставниците по гермаснски јазик ќе научат креативни методи и рецепти за настава за поттикнување на усната комуникација, со помош на кои ќе можат на интересен и мотивирачки начин да ја обликуваат својата сопствена настава.



Schulen: Partner der Zukunft

Кинотека на Македонија
Mazedonische Kinothek

MKDV
Mazedonischer Deutschlehrerverband